Врз основа на член 3-в став (6) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерката за образование и наука донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 13-12409/1
22-09-2025 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ ЗА УЧЕНИКОТ

## Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на работењето на инклузивниот тим за ученик во средно училиште.

## Член 2

Инклузивниот тим за ученик (во натамошниот текст: ИТУ) започнува со работа по донесувањето на одлуката за негово формирање во текот на месец септември или од моментот на пристигнување на проценката за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост во училиштето.

Координатор на инклузивниот тим за ученик е раководителот на паралелката во која учи ученикот (во натамошниот текст координаторот). Координаторот има задолжение да го свика првиот, како и сите наредни состаноци на ИТУ, да го архивира изработениот индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или модифицирана програма, потпишан/а од сите членови на ИТУ, да го чува во портфолиото на ученикот, како и да води записници од одржаните состаноци.

Доколку се утврди потреба од дополнителна поддршка во процесот на планирање и реализација на ИОП или модифицирана програма, координаторот на ИТУ, преку училишниот инклузивен тим ја побарува потребната поддршка од државно средно училиште со ресурсен центар или од центар за поддршка на учењето за ученици со попреченост.

## Член 3

ИТУ го изработува и го реализира ИОП-от или модифицираната програма за ученикот со попреченост согласно проценката за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост. Работата на тимот се одвива според следните последователни етапи:

1.Идентификација на приоритетните потреби за учење на ученикот;

2. Определување на резултати од учењето, прилагодување на содржини и поими и утврдување на стандарди за оценување;

3. Приспособување на пристапот при реализација на воспитно-образовната работа и практичното образование;

4. Вреднување на постигнувањата на ученикот и

5. Следење, евалуација и ревидирање на ИОП или модифицирана програма.

**Член 4**

Идентификацијата на приоритетните потреби за учење на ученикот којшто работи по ИОП или по модифицирана програма, ИТУ ја спроведува со цел да обезбеди сознанија за ученикот од повеќе извори и врз основа на нив да го утврди тековното ниво на постигнувања во различните области на учење, како и да ги идентификува подрачјата во кои ученикот има потреба од поддршка.

ИТУ е должен да идентификува и евидентира податоци во ИОП-от или модифицираната програма за следното:

- учење и начинот на учење и практично образование: важни информации за досегашните образовни постигнувања, стилови на учење, ставови кон училиштето, мотивација за учење, потребните компетенции за одредено занимање, како и интереси поврзани со идно занимање и кариера;
- социјални вештини: податоци за односот со возрасни и соученици, почитување на правила, како и начини на реагирање во различни ситуации;
- комуникациски вештини: информации за начинот на комуникација со другите, степенот на владеење на наставниот јазик, како и степен на изграденост на говор, евентуални пречки во користењето на вербални, визуелни или симболички средства на комуникација;
- самостојност и грижа за себе: податоци за способноста на ученикот самостојно да се грижи за себе и да ги извршува секојдневните обврски во домот и училиштето;
- влијание на надворешната средина врз учењето и обуката: информации за семејни или други фактори кои може да влијаат на учењето и напредокот на ученикот и
- идентификувани приоритетни подрачја за поддршка: области во кои е потребна образовна поддршка, систем на менторство, вклучително и дополнителна поддршка која бара одобрение од системот за проценка на лица со попреченост.

**Член 5**

Откако ИТУ ќе ги идентификува потребите за учење, истите ги групира и определува приоритетни области за учење, преминува кон определување на

резултати од учењето, прилагодување на содржини и поими и утврдување на стандарди за оценување.

Индивидуалниот образовен план не е задолжително да се изработува за секој наставен предмет. По завршување на определен период на опсервација на ученикот кој трае 30 дена, предметниот наставник може да утврди дека ученикот е во можност да ја следи редовната наставна програма без потреба од прилагодувања по конкретниот наставен предмет. Во таков случај, наставникот поднесува писмен предлог со образложение до ИТУ, со кој предлага да не се изработува ИОП за тој наставен предмет. ИТУ го разгледува предлогот и врз основа на доставената документација и резултатите од опсервацијата, донесува писмен заклучок. Заклучокот се чува во досието на ученикот како составен дел од индивидуалната евиденција за спроведување на ИОП.

Наставникот кој го предава предметот на ученикот за кој се изработува ИОП или модифицирана програма, ги адаптира резултатите од учењето дефинирани во наставната програма, во согласност со можностите и потребите на ученикот.

При изработката на ИОП, наставникот дефинира долгорочни, среднорочни и краткорочни резултати од учењето.

Долгорочните резултати од учењето се проектираат најчесто за една учебна година и упатуваат на компетенциите што се очекува ученикот да ги развие во тој период.

Среднорочните резултати од учењето се планираат за период од еден до три месеци и се однесуваат на конкретно подрачје/модуларна единица од наставната програма.

Краткорочните резултати од учењето опфаќаат помали содржини од соодветните подрачја/модуларни единици од наставните програми кои водат кон исполнување на долгорочните резултати и истите се евидентираат во дневните планирања на наставата.

По определување на резултатите од учењето, наставникот утврдува стандарди за оценување, како и содржини и поими, прилагодени на поставените резултати од учењето, соодветно на потребите и можностите на ученикот.

За ученикот кој работи по модифицирана програма, наставникот определува содржини и поими со кои ученикот треба да развие знаења и вештини за: самостојна грижа и одржување на културно-хигиенски навики, здрав начин на живеење, развој на психомоторни функции, основна комуникација, интерперсонални и општествени односи, однос со надворешната околина, како и работно оспособување. Во овој процес, наставникот може да побара поддршка од останатите членови на инклузивниот тим за ученикот, како и да иницира вклучување на државно средно

училиште со ресурсен центар или центар за поддршка на учењето за ученици со попреченост.

Модифицираната програма за средното образование се изработува за секоја учебна година.

**Член 6**

Откако ИТУ ќе ги определи резултатите од учењето и ќе ги прилагоди содржините, поимите и стандардите за оценување, преминува на приспособување на пристапот во реализацијата на воспитно-образовната работа и практичното образование.

ИТУ ја идентификува потребната стратегија што ќе се користи во наставата, како помош и поддршка на ученикот за да ги постигне поставените резултати од учењето. За учениците кои работат по модицифирана програма тимот може да планира флексибилен престој во средно училиште или во државно средно училиште со ресурсен центар или центар за поддршка на учењето за учениците со попреченост, флексибилен распоред на часови, флексибилен распоред на активности во текот на часот и дневните активности, по проценка од системот за проценка на лица со попреченост. ИТУ обезбедува поддршка на наставникот кој му го предава наставниот предмет на ученикот за кој се изработува ИОП или модифицирана програма за планирање и адаптација на просторот, опремата и условите за реализација на воспитно-образовната работа и практичното образование.

ИТУ учествува во давање на поддршка на наставникот во планирање на соодветни активности, методи, наставни средства и асистивна технологија, насочени кон постигнување на поставените стандарди за оценување.

Освен мерките за поддршка кои ги нуди училиштето, ИТУ ја инкорпорира во целиот процес на своето работење поддршката препорачана од системот за проценка на лица со попреченост.

**Член 7**

ИТУ при изработката на ИОП-от или модифицираната програма, го планира и процесот на вреднување на постигнувањата на ученикот.

ИТУ обезбедува поддршка на наставникот кој му го предава предметот на ученикот за кој се изработува ИОП или модифицирана програма, преку идентификување на стратегии и инструменти со кои наставникот континуирано ја следи реализацијата на активностите на ученикот за време на наставата и практичното образование и прибира докази за неговиот напредок и постигнувањето на очекуваните стандарди за оценување.

**Член 8**

ИТУ во ИОП-от или модифицираната програма го планира и процесот на следење, евалуација и ревидирање на ИОП-от или модифицираната програма. Тимот се состанува по потреба, но најмалку еднаш во текот на секое тромесечие за да направи анализа на стекнатите знаења, вештини и очекуваните резултати што ги усвоил ученикот согласно планирањето во ИОП-от или модифицираната програма и да ја оцени ефективноста на предвидените наставни стратегии.

Според добиените показатели од анализата, доколку ученикот постигнал поголем дел од планираните резултати од учењето, треба да се пристапи кон ревидирање на постоечкиот ИОП со кој резултатите од учењето се репрограмираат за подолг временски период и се пристапува кон измена во наставните стратегии.

Доколку ученикот не ги постигнал поставените стандарди за оценување во модифицираната програма во предвидениот временски период, се врши ревидирање на модифицираната програма.

**Член 9**

ИТУ во рамки на работата со ученикот за којшто се изготвува ИОП или модифицирана програма планира и развива стратегии за вклучување на ученикот во воннаставни активности и слободни изборни предмети/содржини програмирани од училиштето, согласно неговите индивидуални потреби и интереси. Координаторот на тимот води евиденција за реализираните активности и истата ја евидентира во портфолиото на ученикот.

**Член 10**

Инклузивниот тим за ученик за кого се изготвува ИОП или модифицирана програма планира и реализира активности во интеракција со соучениците, насочени кон: разбирање на потребите на ученикот со попреченост, развивање на емпатија, почитување и прифаќање на различноста, поттикнување на култура на поддршка во училницата и училиштето. За доказите за реализација на овој вид активности координаторот на ИТУ води евиденција во портфолиото на ученикот.

**Член 11**

ИТУ во своето работење треба да се води од следните етички начела:

- информациите за ученикот со попреченост се третираат како доверливи;

- тимот ја почитува автономијата и достоинството на ученикот и
- соработката со родителите, односно со старателите се одвива во дух на партнерство и взаемна поддршка.

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр.** **Министерка за образование и наука**

**--.--. 2025 година** **проф.д-р Весна Јаневска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
2